# ПРОФИЛ НА МОЈОТ ГРАДОНАЧАЛНИК

- извештај -

МЦМС

IDSCS Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

**Издавачи**
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
Институт за демократија Социетас цивилис – Скопје (ИДСЦС)

**За издавачите**
Александар Кржаловски, прв извршен директор на МЦМС
Димче Митрески, извршен директор на МЦМС
Владимир Мисев, претседател на ИДСЦС

**Автор**
Даниела Стојанова

**Лектура**
Даниел Медароски

**Подготовка**
Даниела Стојанова, МЦМС

ISBN 978-608-4681-06-9

Скопје, февруари 2013 г.

**Контакт**
Адреса: МЦМС, ул. Никола Парапунов 41а; пошт. фах 55, 1060 Скопје.
Тел. +389/2/3065-381; Факс: +389/2/3065-298; е-пошта: mcms@mcms.mk; Веб: www.mcms.mk.

Scribd: http://www.scribd.com/people/documents/2996697; Twitter: http://twitter.com/mcms_mk
SlideShare http://www.slideshare.net/mcms_mk; Facebook: http://www.facebook.com/mcms.mk;

Мислењата што се изразени овде му припаѓаат на авторот и не ги одразуваат ставовите на издавачите или донаторите на овој извештај.

**МЦМС, ИДСЦС**

Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачите, заради цитирање во анализа на публикацијата и под услови изложени во продолжение.

Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачите.

# Профилот на мојот градоначалник

## СОДРЖИНА


1 Вовед.....3

2 Вредностите на мојот градоначалник .....4

3 Професијата на мојот градоначалник.....5

4 Социо-демографските карактеристики и изборот на градоначалник и советници .....6

4.1 Застапеност на жени, млади/возрасни, припадници на други етнички заедници и лица со хендикеп .....6

4.2 Етничката припадност на кандидатите за градоначалници .....7

5 Кандидатот, програмата или партијата .....7

5.1 Клучни фактори во изборот на градоначалник .....7

5.2 Партиското симпатизирање и кандидатите за градоначалник и советници .....8

6 Програмите на политичките партии .....8

6.1 Главни приоритети во програмата .....8

6.2 Учество на граѓаните во подготовката на изборните програми .....9

7 Заклучоци .....10

8 Дополнителни информации .....11

# 1 ВОВЕД

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Институтот за демократија Социетас цивилис - Скопје (ИДСЦС) во февруари 2013 г. започнаа повеќе заеднички активности за локалните избори 2013, кои вклучуваат истражувања, набљудување на изборните програми и кампањи, на медиумите, на изборната администрација и на денот на гласањето.

Како почетна активност беше испитано јавното мислење за карактеристиките кои ќе влијаат на нивниот избор на градоначалник и советничка листа. Граѓаните беа запрашани за вредностите кои треба да ги поседува кандидатот за градоначалник за кој ќе гласаат тие, потоа за неговата професија, етничката припадност и сл.

Испитувањето на јавното мислење е направено преку телефонска анкета на 13 и 14 февруари 2013 г. на репрезентативен примерок од 425 испитаници со +/- 5 % грешка. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериумите за репрезентативност беа: пол, возраст, етничка припадност и изборна единица. Од 425 испитаници, 49,7 % беа жени, а 50,3 % мажи, во однос на етничката застапеност 70,0 % од испитаниците беа Македонци, а 24,9 % Албанци, додека другите етнички групи беа застапени со 5,1 %.

Во извештајот незначително малцинство се употребува за одговори помалку од 10 % од примерокот, мало малцинство за 11 % до 30 %, малцинство за 30 % до 50 %, мнозинство за 51 % до 70 % и големо мнозинство за повеќе од 70 %.

Во извештајот не се прикажани социо-демографските анализи поради малото учество на поединечните социо-демографски групи во националниот примерок.

# 2 Вредностите на мојот градоначалник

Вредностите се темелите на личноста на човекот, на одредена општествена група или пак култура. Заедно со нормите, знаењето, вештините и сл. го одредуваат однесувањето на личноста. Тие стануваат уште поважни, кога се работи за избор на личност која ќе претставува и застапува поголема група граѓани, односно општината во која тие живеат. Граѓаните на Република Македонија беа запрашани кои се двете најзначајни вредности кои треба да ги поседува личноста, кандидат за градоначалник.

Чесноста е најзначајната вредност која треба да ја поседува градоначалникот за третина од граѓаните (31,9 %). Следни најзначајни вредности според граѓаните се трудољубивоста (16,8 %), толеранцијата (14,9 %) и одговорноста (13,8 %).

Овие вредности беа избрани и во 2011 г. од страна на граѓаните, како најзначајни вредности кои треба ги поседува кандидатот за пратеник (Стојанова, Клековски, 2011).

Вредности на кои граѓаните најмалку обрнуваат внимание кога се во прашање градоначалниците се заштитата на природата (3,0 %) и патриотизмот (2,7 %).

**Графикон 1. Важноста на вредностите на кандидатот за градоначалник**



# 3 Професијата на мојот градоначалник

Граѓаните најмногу би сакале нивниот (кандидат за) градоначалник да биде професионален политичар (40,0 %). Следни посакувани професии на идниот градоначалник се бизнисмен т.е. сопственик на претпријатие (15,5 %), наставник/ професор (12,4 %) и лица кои вршат самостојна професионална дејност, како на пример адвокат, архитект, сметководител и сл. (11,0 %). Другите професии, лекар, творец во култура/ спорт, земјоделец, активист во синдикат или граѓанска организација и новинар се избрани од страна на помал дел од граѓаните (под 10 %).

Самостоен вршител на дејност, наставник и бизнисмен беа и меѓу петте најпосакувани професии за пратеник во Собранието на Република Македонија во 2011 г. (Стојанова, Клековски, 2011). Лекарите, кои како и наставниците уживаат најголема доверба од страна на граѓаните (Клековски, Нурединоска, Стојанова, 2010), не се меѓу најпосакуваните професии за кандидатите за градоначалник.

**Графикон 2. Професијата која сакам да ја има мојот (кандидат за) градоначалник**




Професиите на досега објавените кандидати за градоначалници за локалните избори 2013 се разнолични, има кандидати кои подолго време се занимаваат со политика, како што се актуелни и поранешни градоначалници, пратеници, претседатели на совети на општини, претседатели и членови на општински комитети и сл. Има и од техничките науки, стопанственици, лекари, наставници, актери и др.

# 4 Социо-демографските карактеристики и изборот на градоначалник

Со анкетата се испитуваше и дали и како застапеноста на одредена социо-демографска група влијае на изборот на кандидатот за градоначалник.

## 4.1 Застапеност на жени, млади/возрасни, припадници на други етнички заедници и лица со хендикеп

Граѓаните беа прашани дали меѓу кандидатите за градоначалник треба да има повеќе жени, припадници на други етнички заедници, лица со хендикеп, млади до 27 години и возрасни граѓани над 65 години.

На граѓаните им е важно меѓу кандидатите да има пред сè млади луѓе до 27-годишна возраст (45,0 %) и жени (31,1 %). Најмалку важно им е да има припадници на другите етнички заедници (6,0 %) и лица со хендикеп (1,9 %).

**Графикон 3. Меѓу кандидатите за градоначалници треба да има повеќе**




Меѓу кандидатите за градоначалници за локалните избори 2013 преовладуваат оние на возраст над 27 години.

Жените се незначително малцинство меѓу кандидатите за градоначалник на локалните избори 2013. Жени ќе се натпреваруваат за урбаните општини Карпош, Кисела Вода, Тетово, Неготино, но и за руралните како Конче.

## 4.2 Етничката припадност на кандидатите за градоначалници

**Графикон 4. Дали на изборите ќе гласате за кандидати на друга етничка заедница?**




Секој трети граѓанин би гласал за кандидати од друга етничка заедница, а мнозинство (66,5 %) не би го направиле тоа.

Граѓаните се изјасниле слично и во 2011 г., односно и тогаш мнозинство (61,7 %) рекле дека нема да гласаат за кандидати за пратеници од друга етничка заедница (Стојанова, Клековски, 2011).

# 5 Кандидатот, програмата или партијата

Искажаните ставови на граѓаните на претходните прашања укажуваат дека повеќе различни причини влијаат на нивниот избор на одреден кандидат. Сепак дел од овие причини ќе влијаат повеќе, а некои помалку. Затоа граѓаните беа прашани за клучните фактори за нивниот избор на кандидат за градоначалник и советничка листа.

## 5.1 Клучни фактори во изборот на градоначалник

За мнозинство граѓани за овие локални избори клучно влијание ќе има квалитетот на изборната програма што ќе ја понуди градоначалникот (56,7 %). Третина од граѓаните пак при изборот ќе се водат од личноста, образованието, искуството и репутацијата на кандидатот за градоначалник (33,0 %).

Најмалку битно за граѓаните при одлучувањето за кој кандидат да гласаат е неговата припадност на политичка партија (10,3 %), поточно нема да им е битно која политичка партија го кандидирала.

**Графикон 5. Што ќе има клучно влијание на Вашиот избор за градоначалник?**



## 5.2 ПАРТИСКОТО СИМПАТИЗИРАЊЕ И КАНДИДАТИТЕ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК И СОВЕТНИЦИ

Граѓаните беа запрашани и дали ќе гласаат за кандидати за градоначалник и советници на политичка партија, на која тие не се симпатизери.

**Графикон 6. Дали на изборите ќе гласате за кандидати за градоначалник на друга политичка партија - на која не сте симпатизер?**




Граѓаните се поделени во однос на тоа дали би гласале за кандидат на градоначалник на партија на која не се симпатизер. Иако за десетина процентни поени сепак преовладуваат (55,1 %) оние кои не би гласале за кандидат на друга партија.

Состојбата е поинаква кога се работи за изборот на партијата, поточно на советничките листи на партии. Големо мнозинство (72,1 %) од граѓаните се изјасниле дека симпатизирањето на одредена партија нема да им е битно при изборот, односно дека ќе гласаат за квалитет на кандидатите за советници и понудената изборната програма.

**Табела 1. Дали на локалните избори ќе гласате за советничка листа на:**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Која било партија врз основа на квалитетот на кандидатите и изборната програма. | 72,1 % | 27,9 % | Партијата на која сум симпатизер без разлика на квалитетот на кандидатите и изборната програма. |

Граѓаните имале многу слични ставови и за парламентарните избори во 2011 г., кога мнозинство од граѓаните (74,6 %) рекле дека ќе гласаат за која било партија врз основа на квалитетот на кандидатите за пратеници и изборната програма (Стојанова, Клековски, 2011).

# 6 ПРОГРАМИТЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

Мнозинство од граѓаните на претходните прашања се изјаснија дека изборната програма ќе влијае на нивниот избор на градоначалник и советничка листа. Во овој дел се презентирани нивните мислења и ставови за изборните програми.

## 6.1 ГЛАВНИ ПРИОРИТЕТИ ВО ПРОГРАМАТА

За граѓаните главни приоритети во програмата на градоначалниците треба да имаат локалниот економски развој (32,8 %) и урбанистичкото планирање (26,0 %).

Следни на листата се комуналните дејности (10,4 %), животната средина (9,9 %) и културата (9,5 %). Најмалку битни за граѓаните се спортот и рекреацијата (4,1 %), образованието (3,9 %) и социјалната и детска заштита (3,5 %). Ваквиот избор се потврдува и во практиката. Проектите, кои се избрани од страна на граѓаните во над 30 општини кои се дел од проектот Форуми во заедниците, најчесто се инфраструктурни.

**Графикон 7. Кој треба да биде главниот приоритет во програмата на идниот градоначалник во вашата општина?**




## 6.2 Учество на граѓаните во подготовката на изборните програми

Повеќе партии најавија собирање на идеи од граѓаните за програмите за локалните избори. Затоа граѓаните беа запрашани дали партиите им се обратиле за идеи и дали истите ги земаат предвид при подготовката на изборните програми.

**Графикон 8. Дали до Вас се обратила која било политичка партија за идеи?**




Големо мнозинство граѓани (85,2 %) не биле контактирани за нивни идеи за изборните програми од страна на политичките партии.

**Графикон 9. Дали сметате дека партиите доволно ги земаат во предвид идеите на граѓаните во подготовката на програмите за локални избори?**




Мнозинство граѓани (69,8 %) сметаат дека политичките партии и ако ги вклучат граѓаните, не ги земаат предвид нивните идеи во подготовката на програмите за локалните избори 2013. Третина од граѓаните го делат спротивниот став, дека партиите ги земаат предвид идеите на граѓаните во подготовката на изборните програми.

# 7 Заклучоци

## Чесни и професионални градоначалници

За граѓаните најзначајно е идните градоначалници да бидат чесни (31,9 %). Исто така, градоначалниците треба да бидат и трудољубиви, одговорни и толерантни.

Граѓаните најмногу би сакале нивниот градоначалник да биде професионален политичар.

## Меѓу кандидатите за градоначалник треба да има повеќе млади и жени

На граѓаните им е важно меѓу кандидатите за градоначалници за локалните избори 2013 да има пред сè млади луѓе до 27-годишна возраст (45,0 %) и жени (31,1 %).

Помалку важно им е да има припадници на другите етнички заедници, а мнозинство граѓани и не би гласале за кандидат за градоначалник од друга етничка заедница.

## Граѓаните изјавуваат дека ќе гласаат за квалитетни програми и кандидати

Големо мнозинство од граѓаните се изјасниле дека симпатизирањето на одредена партија нема да им е битно при изборот, односно дека ќе гласаат за квалитет на кандидатите за градоначалници и советници и понудената изборната програма.

За поголем дел од граѓаните за овие локални избори клучно влијание ќе има квалитетот на изборната програма што ќе ја понуди градоначалникот (56,7 %) и неговата личност, образованието, искуството и репутацијата (33,0 %).

## Локален економски развој и урбанистичко планирање

За граѓаните главни приоритети во програмата на градоначалниците треба да имаат локалниот економски развој и урбанистичкото планирање. Следни на листата се комуналните дејности, животната средина и културата.

## Партиите недоволно ги вклучуваат и земаат предвид идеите на граѓаните

Големо мнозинство граѓани (85,2 %) изјавуваат дека не биле контактирани за нивни идеи за изборните програми од страна на политичките партии.

Исто така, мнозинство граѓани сметаат дека партиите и ако ги вклучат граѓаните, не ги земаат предвид нивните идеи во подготовката на изборните програмите (59,8 %). Сепак, третина од граѓаните го делат спротивниот став, дека партиите ги земаат предвид идеите на граѓаните во подготовката на изборните програми.

# 8 Дополнителни информации

## 8.1 Белешка за авторот

**Даниела Стојанова** е родена во 1977 г. во Скопје. Дипломирала на комуникации и медиуми, а во моментот е на постдипломски студии по комуникации. Од 1992 г. активно членува во граѓанските организации. Од 2004 г. работи во МЦМС, каде меѓу другото е вклучена во повеќето истражувачки проекти. Ко-автор е на повеќе публикации, меѓу кои и на Профилот на мојот пратеник и Граѓанското општество во изборните програми, издадени за предвремените парламентарни избори во 2011 г. како дел од проектот Мојот избор 2011.

Повеќе информации: http://www.mcms.mk/mk/za-nas/nasata-struktura/izvrsna-kancelarija/165-daniela-stojanova.html; http://mk.linkedin.com/in/danielastojanova

## 8.2 Продолжи со читање

**Листа на публикации:** http://www.mcms.org.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/345-lista-na-istrazuvana-i-publikacii.html

**Листа на поврзани публикации**
**Профилот на мојот пратеник, 2011:** http://www.mcms.mk/images/docs/2011/profil-na-mojot-pratenik-2011-mcms.pdf
**Изборните кампањи на политичките партии, 2011:** http://www.mcms.mk/images/docs/2011/izbornite-kampanji-na-politickite-partii.pdf
**Довербата во Македонија, 2010:** http://www.mcms.mk/images/docs/2011/doverbata-vo-makedonija-2010.pdf
**Македонски општествени вредности, 2011:** http://www.mcms.mk/images/docs/2011/makedonski-opstestveni-vrednosti.pdf

## 8.3 Библиографија

Стојанова, Д., Клековски, С. (2011) **Профилот на мојот пратеник** [интернет]. Скопје, Македонски центар за меѓународна соработка, Институт за демократија Социетас цивилис-Скопје. Адреса: <http://www.mcms.mk/images/docs/2011/profil-na-mojot-pratenik-2011-mcms.pdf> [Посетена на: 14.2.2013].
Клековски, С., Нурединоска, Е., Стојанова, Д. (2010) **Довербата во Македонија** [интернет]. Скопје, Македонски центар за меѓународна соработка. Адреса: <http://www.mcms.mk/images/docs/2011/doverbata-vo-makedonija-2010.pdf> [Посетена на: 14.2.2013].

## 8.4 Како да се референцира

Стојанова Д. (2013) **Профилот на мојот градоначалник** [интернет]. Скопје, Македонски центар за меѓународна соработка. Адреса: <http://mcms.org.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/1359-profilot-na-mojot-gradonachalnik.html>. [Посетена на: датум и година].